Архивски број: 03-14091/1
Датум: 20-12-2023

Друштво за производство, трговија и услуги
АРЦ ЛТД ДОО
Бр. 0307-325-23
22.12. 2023 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки – надградба на аудио видео опрема

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за производство, трговија и услуги АРЦ ЛТД ДОО Скопје, со седиште на ул. „Васил Ѓоргов" бр.29/1-2А, Скопје, застапувано од Александар Соколов, управител, натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на договорот е јавна набавка на стоки – надградба на аудио видео опрема, согласно со техничките спецификации (Прилог 1) и листата на цени (прилог 2), кои се составен дел од овој договор, а по претходно спроведена поедноставена отворена постапка, по оглас број 20825/2023.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.888.720,00 денари.

Вкупниот износ на данок на додадена вредност изнесува 194.500,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 2.083.220,00 денари.

## III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 3

Цената од член 2 на овој договор е крајна, фиксна и непроменлива за цело времетраење на договорот.

Во понудената цена се опфатени сите трошоците за испорака, инсталација, монтажа, имплементација како и патните, дневните или евентуално други трошоци на носителот на набавката.

## IV. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој договор се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, или до негово вредносно исполнување, а ќе започне да важи од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

## V. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Рокот на достава, испорака и монтажа на уредите како и нивна имплементација изнесува максимум 30 денови по прием на писмена порачка од договорниот орган. За извршената испорака, монтажа, поврзување и пуштање во функција двете договорни страни потпишуваат испратница/работен налог.

Работниот налог / Извештај / Записник за извршената испорака со полно име и презиме ги потпишуваат определените лица од двете договорните страни, при што по еден примерок се предава на определеното лице кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за финансии - Скопје.

Испораката на предметот на набавка ќе се врши во просториите на договорниот орган во Скопје.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши во рок до 30 (триесет) дена од денот на доставувањето на фактурата за испорака на предметот на набавка.

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува Работен налог / Извештај / Записник кој мора да ги содржи податоци за испорака односно поврзување и пуштање во функција на опремата, во спротивно фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на докомплетирање кај носителот на набавката.

Фактурата се доставува по пошта или лично во писарницата на Министерството за финансии, на ул. Даме Груев бр.12 во Скопје.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката се обврзува дека навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на набавка на стоки ќе го изврши предметниот договор.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметниот договор кој е дефиниран во член 5, од овој договор.

Член 8

Носителот на набавката е особено должен:

- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на договорот и да ги применува соодветните регулативи за конкретниот вид на стоки придржувајќи се кон барањата нагласени од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметниот договор;
- да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со непочитувањето на законската регулатива или било кој друг факт кој би можел негативно да влијае на исходот или очекувањата на договорниот орган;
- да пристапи кон извршување на предметот на договорот по приемот на барањето од договорниот орган за набавка;
- во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

Носителот на набавката е должен да ги преземе сите обврски кои произлегуваат согласно Законот за безбедност и здравје при работа и сите останати важечки прописи кои се однесуваат за заштита, безбедноста и здравјето при работа на лицата кои се ангажирани за реализација на договорот.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган е должен да определи лица за реализација на договорот и за истото да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган е должен да достави писмено барање (порачка) со точни спецификации и барања со цел да се изврши реализација на договорот.

Договорниот орган се обврзува да му ги даде на располагање на носителот на набавката потребните податоци за непречено извршување на предметот на договорот, како и друга документација со која располага вклучувајќи ја комуникацијата и сите други информации и објаснувања кои се потребни на носителот на набавката.

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за испорачаната опрема во рокот утврден во член 6 од овој договор.

## IX. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 11

Гарантниот период за аудио видео опремата е согласно гаранцијата внесена во техничките спецификации и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на аудио видео опремата .

## X. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата избраниот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

### Член 13

Определените лица од носителот на набавката наведени во понудата за реализација на договорот, задолжително потпишуваат изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот

или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 14

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој договор од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 15

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 16

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 13 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие

ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 17

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот органот.

Член 18

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 19

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 20

Одредбите од глава XI од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 22

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 23

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 24

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XIII. ВИША СИЛА

Член 25

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 26

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 27

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 28

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 29

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 30

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
Друштво за производство, трговија и услуги
АРЦ ЛТД ДОО
СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ
Александар Соколов

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ПРИЛОГ 1

| Професионални дисплеи со поддшка за видео зид | количина 9 парчиња ТОЧКА 1 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум 49" |
| Технологија на панели | минимум IPS |
| Тип на позадинско осветлување | DLED или еквивалент |
| Осветленост (типично) | минимум 500 cd/m2 |
| Основна резолуција | минимум 1920x1080 |
| Соодност на контраст (вообичаено) | минимум 1200 : 1 |
| Соодност на динамички контраст | минимум 500000 : 1 |
| Животно време (типично) | минимум 60000hrs |
| Време на одговор (вообичаено) | минимум 8 ms |
| Активна област (H x V) | минимум1073 (H) x 604 (V) |
| Агол на гледање | минимум 178° Vert., 178° Hor. (89U/89D/89L/89R) @ CR>10 |
| Бои | минимум 1.07 B (10-bit) |
| Освежување | минимум 60 Hz |
| Рамка тип | Минимум Ultra narrow bezel |
| Ориентација | Horizontal / Vertical |
| Работни часови | 24/7 Panel |
| RGB влез | VGA(DE-15F) |
| Видео влез | минимум 2xHDMI2.0, 2xUSB2.0, USB2.0(Internal) |
| Видео излез | минимум HDMI2.0 |
| Аудио влез | Line In L/R |
| Аудио излез | Headphone, Optic SPDIF |
| Надворешна контрола | минимум RS232(DE-9F), Ethernet(RJ45), Service(RJ12) |
| Надворешен сензор | инсталиран |
| Тежина (кг) | максимум 30 kg |
| Големина на монтирање на Vesa | 400 x 600 мм |
| Ширина на рамката на дисплејот | максимум 3.5 mm |
| Останато | Поддршка за видео зид |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| Професионални дисплеи со поддшка за видео зид | количина 4 парчиња ТОЧКА 2 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум 75" |
| Технологија на панели | минимум IPS |
| Тип на позадинско осветлување | DLED или еквивалент |
| Осветленост (типично) | минимум 500 cd/m$^2$ |
| Основна резолуција | минимум 3840 x 2160 (16:9) - UHD |
| Соодност на контраст (основен) | минимум 1200:1 (typ.) |
| Соодност на динамички контраст | минимум 50000:1 |
| Животно време (типично) | 30000 Hrs |
| Време на одговор (вообичаено) | минимум 8 ms |
| Агол на гледање | минимум 178° Vert., 178° Hor. (89U/89D/89L/89R) @ CR>10 |
| Бои | минимум 1.07G (8bits + FRC) |
| Освежување | минимум 60 Hz |
| Ориентација | Landscape / Portrait |
| Работни часови | 24/7 |
| Оперативен систем | Android или еквивалентен |
| Меморија | минимум 2 GB DDR4 |
| Складирање | минимум 16 GB eMMC |
| Дополнително складирање | минимум Micro SD (up to 1TB) |
| Процесор | минимум Quad-Core |
| GPU | ARM Mali-G31 MP2 |
| Жичен | минимум 10/100 Mbps Ethernet, IEEE 802.1X Authentication |
| WiFi | минимум WiFi 5 (802.11 a/b/g/n/ac), IEEE 802.1X Authentication |
| Bluetooth | минимум BT 5.1 |
| Безжичен дисплеј | Miracast или еквивалетно |
| Видео влез | минимум 4xHDMI2.0, 1xUSB-A 3.0, 1xUSB-A 2.0, 1xUSB-A 2.0 (Internal), 1x Micro USB |
| Видео излез | минимум 1xHDMI2.0 |
| Аудио излез | минимум Headphone, Optic SPDIF |
| Надворешна контрола | минимум RS232 (3.5mm jack green), Fast Ethernet (RJ45), Service (RJ12) |
| Надворешен сензор | минимум вграден |
| Димензии на производот (ШхДхВ) | максимум 1690 x 970 mm |
| Тежина на производот | Максимум 37.5 kg |
| Монтирање на Веса | 600 x 400 mm |
| Останато | HTML5 CMS , Android CMS , Отворена поддршка за управување со содржина |

| | |
|---|---|
| | Распоредувач, USB-автоматско репродукција, автоматско стартување, HDMI-CEC, HDMI-Wakeup, автоматско вклучување на Failover, Заклучување панел, OSD и ротација на интерфејс, ротација на видео, Joystick, Rocker Switch, Detachable Power Cable, Detachable Logo, Internal USB Cover Распоредувач, Поддршка за видео ѕид, далечински управувач преку LAN, часовник во реално време, SNMP |
| Звучници: | 2x12 W (минимум) |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| **Професионални дисплеи со поддшка за видео зид** | **количина 4 парчиња** ТОЧКА 3 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум55" |
| Технологија на панели | минимум IPS |
| Тип на позадинско осветлување | DLED или еквивалент |
| Осветленост (типично) | минимум 500 cd/m2 |
| Основна резолуција | минимум 1920x1080 |
| Соодноc на контраст (основен) | минимум 1100 : 1 |
| Соодноc на динамички контраст | минимум 500000 : 1 |
| Животно време (типично) | минимум 60000hrs |
| Време на одговор (вообичаено) | минимум 8 ms |
| Агол на гледање | минимум 178° Vert., 178° Hor. |
| Бои | минимум 1.07 B (10-bit) |
| Освежување | минимум 60 Hz |
| Рамка тип | Минимум Razor Narrow Bezel |
| Ориентација на слика | минимум Horizontal / Vertical |
| Работни часови | минимум 24/7 Panel |
| Видео влез | минимум 2xHDMI2.0, 2xUSB2.0, USB2.0(Internal) |
| Видео излез | минимум HDMI2.0 |
| Аудио излез | минимум Headphone, Optic SPDIF |
| Надворешна контрола | минимум RS232(DE-9F), Ethernet(RJ45), Service(RJ12) |
| Надворешен сензор | минимум RJ12 |

| | |
|---|---|
| Димензии на производот | максимум 1212.5 (L) x 682 (H) mm |
| Тежина на производот | максумум 27 kg |
| Монтирање на Веса | 400x600mm |
| Ширина на рамката | максимум 0.88 mm (BezeltoBezel) |
| Останато | Поставување видео ѕид со Daisy-Chain, отворена поддршка за управување со содржина, рачна фина калибрација на бои, видео ѕид<br>Распоредувач, автоматско стартување, автоматско вклучување на Failover, Заклучување на панелот |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| **Телевизори** | **количина 5 парчиња** ТОЧКА 4 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум 55" |
| Технологија на слика | минимум QLED Ultra HD |
| Освежување | минимум 100Hz |
| Подржана резолуција | Минимум 3840x2160 |
| Бои | минимум 1(една) милијарда бои |
| Контраст | Dual LED или екивалентно |
| HDR технологија | Hybrid Log-Gamma (HLG), Quantum HDR или еквивалентно |
| Технологија на процесирање на слика | Минимум Quantum Processor 4K или еквивалентен |
| Звук | Минимум 20W, подршка за Bluetooth Audio и Dual Bluetooth Audio |
| Оперативен систем | Tizen Smart или еквивалентно |
| Мулти-Приказ | Подржано до 2 видеа |
| Подржани алатки за колаборација | Google Meet или еквивалентен |
| Функционалности | Пресликување од мобилен<br>Multiroom Link<br>Осветлување/детекција на бои<br>Продолжен PVR<br>Connect Share HDD и Connect Share USB<br>Еко сензор<br>AMD Freesync<br>OTS Lite |
| Тјунер | Минимум 2 тјунери DVB-T2CS2X2 |

| | |
|---|---|
| | Аналоген приемник |
| Порти | Минимум<br>• 4 X HDMI<br>• 2 X USB<br>• 2 x USB 2.0<br>• 1 x Ethernet<br>• 1 x CI<br>• Дигитален аудио излез (оптички)<br>• 1x RF |
| Мрежа | Минимум<br>• Вграден WiFi 5<br>• Подржан Bluetooth 5.2 |
| Дизајн | Минимум Slim (тенок изглед) тип на дизајн |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| **Камера IP** | **количина 1 парче** ТОЧКА 5 |
|---|---|
| Големина на сензор | минимум 1/2.5 type ExmorR CMOS |
| Резолуција на сензор | минимум 8.5M pixels |
| Минимално осветлување | минумум 1.6 lux (1/30s 50IRE F2 high-sensitivity OFF) |
| Основна резолуција на камерата | минимум 4K, 1700 TV lines (Center) (4K*1)<br>1000 TV lines or higher (Center) (FHD) |
| Зум | минимум 12x, покривка на сензорот |
| Формати на компресија | минимум H.264: High, Main, Baseline Profile<br>H.265: Main Profile |
| опсег на податоци | минмум 512Kbps~50 Mbps |
| Поддржани протоколи | минимум IPv4, IPv6, TCP, UDP, ARP, ICMP, IGMP, HTTP, HTTPS, DHCP, DNS, RTP/RTCP, RTSP, UPnP, VISCA over IP |
| Стриминг | минимум 3 x Streaming Capability |
| Аудио | минимум Audio in IP Streaming |

| | |
|---|---|
| Приклучоци | минимум HDMI x1 and IP (streaming) x1,VISCA RS-422 RJ45 (In/Out) VISCA over IP RJ-45,Mini-phone (φ3.5mm) x2, (Mic/Line Selectabe) |
| Димензии на производот (ШхДхВ) | минимум 158.4 x 177.5 x 200.2 mm |
| Хоризонтален агол | 70 степени |
| Стабилизатор на слика | ДА |
| Напојување | DC 12V , 25W |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| **Видео проектор** | **количина 2 парчиња** ТОЧКА 6 |
|---|---|
| Проекциски Систем | 3 ЛЦД технологија |
| Проекциска резолуција | Минимум WUXGA, 1920 x 1080, 16:9 |
| Осветленост (Colour Light Output) | минумум 4000 лумени |
| Осветленост (White Light Output) | минимум 4000 лумени |
| Аспект сооднос | Минимум Full HD 1080p, 1920 x 1080, 16:9 |
| Соодност на контраст | Минимум 16 000:1 |
| Репродукција на бои | минмум 1,07 милијарди бои |
| Животен век на лампата | минимум 5500 работни часа во стандарден режим на работа/230W |
| Големина на слика | 30"-300" |
| Должина на проекциска слика | од 1,76 до 2,86 метри за големина на 60 инчен приказ |
| 2Д режими на боја | Динамична, кино, презентација, sRGB, табла |
| Карактеристики | AV без звук, вграден звучник, директно вклучување / исклучување, компатибилна камера со документ, хоризонтална и вертикална корекција на клучни зборови, долг век на траење на ламбата, проекција на мрежата, функција за копирање на OSD, слободен компјутер, функција со разделен екран, можност за безжичен LAN, iProjecton поставување според QR-код |
| Вграден звучник | Минимум 16W |
| Конектори на проекторот | USB 2.0 Type A, USB 2.0 Type B, Wireless LAN IEEE 802.11b/g/n, VGA in, HDMI in (2x), Composite in, Cinch audio in, Miracast |

| | |
|---|---|
| Проекторот да содржи | Торба за носење, VGA кабел, Кабел за напојување, Упатство за брз почеток, Далечински управувач вкл. батерии, корисничко упатство (ЦД), |
| Гаранција на уредот | 36 месеци на проекторот,лампата 36 месеци или 1000 работни часа |

| **Видео проектор преносен** | **количина 2 парчиња** ТОЧКА 7 |
|---|---|
| Тип на дисплеј | DLP |
| Проекциска резолуција | минимум 1920x1080 Full HD |
| Тип на извор на светлина | LED |
| Осветленост | Минимум 550 lm |
| Throw ratio | Минимум 1.2 |
| Големина на приказ | 30 – 100 " со Auto Focus |
| Дигитална корекција на Keystone | Да |
| Контраст | Минимум 100000:1 |
| Боја | Pure Color или еквиваленто |
| Аудио | Минимум Вграден 5W, Dolby Digital Plus |
| Пресликување | Можност за преслкување од мобилни уреди |
| Ниво на бучава | максимум 30dB |
| Оперативен систем | Tizen Smart или еквивалентен |
| Порти | Минимум<br>1x USB 3.2 Gen Type C<br>1x HDMI |
| Мрежа | Подршка за минимум Wi-Fi 5 и Bluetooth 5.2 |
| Тежина | Максимум 1.7kg |
| Ташна | Ист бренд како уредот |
| Батерија | Мин 32 000mAh, со излезна порта од мин 50W |
| Гаранција на уредот | 24 месеци |

| **Телевизори** | **количина 1 парче** ТОЧКА 8 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум 65" |
| Технологија на слика | минимум QLED Ultra HD |
| Освежување | минимум 100Hz |
| Подржана резолуција | Минимум 3840x2160 |
| Бои | минимум 1(една) милијарда бои |

| | |
|---|---|
| Контраст | Dual LED или екивалентно |
| HDR технологија | Hybrid Log-Gamma (HLG), Quantum HDR или еквивалентно |
| Технологија на процесирање на слика | Минимум Quantum Processor 4K или еквивалентен |
| Звук | Минимум 20W, подршка за Bluetooth Audio и Dual Bluetooth Audio |
| Оперативен систем | Tizen Smart или еквивалентно |
| Мулти-Приказ | Подржано до 2 видеа |
| Подржани алатки за колаборација | Google Meet  или еквивалентен |
| Функционалности | Пресликување од мобилен<br>Multiroom Link<br>Осветлување/детекција на бои<br>Продолжен PVR<br>Connect Share HDD и Connect Share USB<br>Еко сензор<br>AMD Freesync<br>OTS Lite |
| Тјунер | Минимум 2 тјунери DVB-T2CS2X2<br>Аналоген приемник |
| Порти | Минимум<br>• 4 X HDMI<br>• 2 X USB<br>• 2 x USB 2.0<br>• 1 x Ethernet<br>• 1 x CI<br>• Дигитален аудио излез (оптички)<br>• 1x RF |
| Мрежа | Минимум<br>• Вграден WiFi 5<br>• Подржан Bluetooth 5.2 |
| Дизајн | Минимум Slim (тенок изглед) тип на дизајн |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно  постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

| Телевизори | количина 1 парче ТОЧКА 9 |
|---|---|
| Големина на екран | минимум 75" |
| Технологија на слика | минимум QLED Ultra HD |
| Освежување | минимум 100Hz |
| Подржана резолуција | Минимум 3840x2160 |
| Бои | минимум 1(една) милијарда бои |
| Контраст | Dual LED или екивалентно |
| HDR технологија | Hybrid Log-Gamma (HLG), Quantum HDR или еквивалентно |
| Технологија на процесирање на слика | Минимум Quantum Processor 4K или еквивалентен |
| Звук | Минимум 20W, подршка за Bluetooth Audio и Dual Bluetooth Audio |
| Оперативен систем | Tizen Smart или еквивалентно |
| Приказ | Подржано до 2 видеа<br>Подршка за 360 камера |
| Подржани алатки за колаборација | Google Meet или еквивалентен |
| Функционалности | Пресликување од мобилен<br>Multiroom Link<br>Осветлување/детекција на бои<br>Продолжен PVR<br>Connect Share HDD и Connect Share USB<br>Еко сензор<br>AMD Freesync<br>OTS Lite<br>Color Sensor (Осветлување/Детекција на бои)<br>AI Upscale |
| Тјунер | Минимум 2 тјунери DVB-T2CS2X2<br>Аналоген приемник |
| Порти | Минимум<br>• 4 X HDMI<br>• 2 X USB<br>• 2 x USB 2.0<br>• 1 x Ethernet<br>• 1 x CI<br>• Дигитален аудио излез (оптички)<br>• 1x RF |

| | |
|---|---|
| Мрежа | Минимум<br>• Вграден WiFi 5<br>• Подржан Bluetooth 4.2 |
| Дизајн | Минимум Slim (тенок изглед) тип на дизајн |
| Држачи и монтажа | монтажа согласно постојна ситуација (држачи статични, подвижни, под агол), вклучена, поврзување и пуштање во функција |
| Гаранција | минимум 24 месеци |

ПРИЛОГ 2

## Листа на цени

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| р.б | Опис (РБ од техничка спецификација) | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
| 1 | точка 1 од техничка спецификација | 9 | 39.000,00 | 351.000,00 |
| 2 | точка 2 од техничка спецификација | 4 | 64.000,00 | 256.000,00 |
| 3 | точка 3 од техничка спецификација | 4 | 128.000,00 | 512.000,00 |
| 4 | точка 4 од техничка спецификација | 5 | 49.000,00 | 245.000,00 |
| 5 | точка 5 од техничка спецификација | 1 | 172.000,00 | 172.000,00 |
| 6 | точка 6 од техничка спецификација | 2 | 48.360,00 | 96.720,00 |
| 7 | точка 7 од техничка спецификација | 2 | 39.000,00 | 78.000,00 |
| 8 | точка 8 од техничка спецификација | 1 | 66.000,00 | 66.000,00 |
| 9 | точка 9 од техничка спецификација | 1 | 112.000,00 | 112.000,00 |
| | | | ВКУПНО | 1.888.720,00 |